| **септември - јуни** | Развивање љубов, интерес и желба за пеење; развивање спретност за користење на ликовни материјали; развивање на чувството за естетско изведување; да се поттикнува да учествува во игра, да се поттикнува да ги почитува правилата на играта, да ги развива психомоторните способности: брзина, снаодливост, издржливост, правилна и навремена реакција, да ги развива способностите за контролирано однесување и искажување емоции во | цд плеер, тв приемник, едукативни материјали | од 07:30 до 08:00 и од 15:30 до 17:00 ч. | - Гледање приредба по повод прием на првачиња.<br>- Играње на едукативни и друштвени игри (На буква на буква; Скриен предмет; Пантомима; Асоцијација; Јас почнав-ти заврши; Погоди го зборот; Бесилка; Брза географија ... ).<br>- Игри во училиштен двор (Школка; Народна топка ; Штркот бара боја; Ден-ноќ; Игри со топка; Врело компирче; Замрзнат човек; Криенка ... ).<br>- Игри во училница (Топло-ладно; Редење на сложувалки; Скриен предмет; Музичко |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | натпреварите, култура во поддршка на својата екипа – културно навивање; создавање позитивни карактерни особини; да развива актерски способности , да развива другарство; да ги почитува правилата на игра | | | столче; Домино; Не лути се човече; Игри со карти ... ).<br>- Гледање на ТВ (Цртан филм; Анимиран филм; Едукативни детски тв емисии и серии; Народни приказни; Драми...)<br>- Слушање на аудио материјал (Песни ; Детски радио емисии; Приказни; Драми; Класична музика... )<br>- Изработка на ликовни творби (Оригами; Изработки за пано; Цртање по избор со разни ликовни техники и материјали... ). |

**8.6. Комбинирани паралелки**

Во училиштето нема комбинирани паралелки.

**8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште**

Како прв странски јазик се изучува англиски јазик за учениците од I до IX одделение, а од шесто одделение се изучува германски јазик како втор странски јазик.

| Јазик | Број на паралелки | Ученици |
|---|---|---|
| Англиски јазик | 25 | 681 |
| Германски јазик | 10 | 281 |

**8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение**

Според Законот за основно образование учебната 2022/23 г. во 1-во одд., 2-ро одд, 3-то одд. и 4-то одд. наставата по предметот физичко и здравствено образование покрај одделенскиот наставник ја реализира и наставник по физичко образование. Додека во 5-то одд. наставата по физичко и здравствено образование ја реализира само одделенскиот наставник.

## 8.9. Изборна настава

На крајот од учебната 2021/2022 год. се спроведе анкетирање меѓу учениците за избор на изборен предмет кој ќе се реализира во учебната 2022/2023 год. Според Новата концепција за основно образование анкетните листови за учениците од IV и V одделение беа составени од 12 изборни предмети распределени во четири категории. Секој ученик требаше да заокружи по еден предмет кој ќе се изучува во прво полугодие и еден предмет кој ќе се изучува во второто полугодие. Анкетните листови за учениците од VI до IX содржеа по три предмети од кои секој ученик требаше да заокружи еден и потоа анкетниот лист потпишан од родител да се врати.

Врз основа на добиените резултати од спроведената анкета, во учебната 2022/2023 год. во нашето училиште се реализира настава по следниве изборни предмети:

| **Наставен предмет** | **Одделение** | **Број на паралелки (формирани групи)** | **Број на часови** | | **Број на ученици** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | неделно | годишно | |
| Цртање, сликање и вајарство (прво полугодие) | IV | 3 | 2 | 72 | 91 |
| Одбојка (второ полугодие) | IV | 3 | 2 | 72 | 91 |
| Решавање на конфликти (прво полугодие) | V | 3 | 2 | 72 | 67 |
| Театарски работилници (второ полугодие) | V | 3 | 2 | 72 | 67 |
| Етика на религии | VI | 1 | 2 | 72 | 18 |
| Класична кул. во евр. цивилизација | VI | 3 | 2 | 72 | 60 |
| Танци и народни ора | VII | 3 | 2 | 72 | 78 |
| Проекти од ликовната уметност | VIII | 2 | 2 | 72 | 64 |
| Проекти од информатиката | IX | 2 | 2 | 72 | 61 |

**8.10. Дополнителна настава**

- Дополнителна настава се реализира за учениците кои имаат тешкотии во учењето и на кои им е потребна повремена помош во текот на наставната година. На почетокото на учебната година се изработи распоред за реализација кој беше истакнат на огласната табла и на веб страната на училиштето.
- Во учебната година сите ученици кои покажаа послаби резултати посетуваа дополнителна настава при што се користеа приспособени форми и методи за полесно совладување на предвидените содржини. Одделенскиот раководител ги информира родителите на тие ученици за обврската за задолжително посетување на дополнителна настава по соодветниот наставен предмет. Секој наставник води евиденција за присуство на часовите по дополнителна настава. Според измените на законот за водење на педагошка евиденција и документација секој наставник е задолжен во текот на учебната година да пополни Образец во која се наведуваат сите активности што се реализираат и истиот на крајот на учебната година се архивира и заведува во дневникот.
- Во прилог е Извештајот од реализација на дополнителна настава за учениците од одделенска и предметна настава.

**8.11. Додатна настава**

- Додатна настава се организира за учениците кои покажуваат значителни резултати по одделни предмети.
- Основна цел е да се обезбеди систематска работа со надарените ученици кои во текот на целата година покажуваат значајни резултати. Преку додатната настава се овозможува стекнување на дополнителни знаења, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација, учество на натпревари. Според измените на законот за водење на педагошка евиденција и документација секој наставник е задолжен во текот на учебната година да пополни Образец во која се наведуваат сите активности што се реализираат и истиот на крајот на учебната година се архивира и заведува во дневникот.
- Во прилог е Извештајот од реализација на додатна настава за учениците од одделенска и предметна настава.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Во учебната 2022/2023 г. работата со надарените ученици се реализираше преку додатната настава со нивно вклучување во вонннаставни активности како и учество на натпревари.

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

За работа со учениците со посебни образовни потреби формиран е Училиштен инклузивен тим во состав: Светлана Масларевска, Билјана Јованова, Марија Трпчевска Блажевска, Татјана Багевска, Љупка Андреева, Филип Стојковиќ, Марија Богоевска како и Инклузивен тим за ученик во состав: Билјана Јованова, Марија Трпчевска Блажевска, Татјана Багевска, одделенски наставник, родител на ученикот.

Во учебната 2022/2023 година во воспитно-образовниот процес во редовната настава инклузирани се 6 ученика со посебни образовни потреби за кои се обезбедени 4 образовни асистенти од училиштето со ресурсен центар „Иднина” и 2 лични асистенти од Општина Центар. За секој од нив е формиран Инклузивен тим.

На почетокот на учебната 2022/2023 г. изработени се посебни образовни програми за 5 од овие ученици со посебни потреби со цел учениците да можат полесно да се вклопат во воспитно-образовниот процес и со цел за успешна реализација на планираните активности.

## 8.14. Туторска подршка на учениците

Во училиштето не е обезбедена дополнителна (туторска) поддршка за ниеден ученик. Училиштето е вклучено во проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран” кое го сочинуваат Здружението за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива”, Здружението за давање услуги на лицата со попреченост „Хендимак” и Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор” при што два ученика од нашето училиште добија стипендија.

## 8.15. План на образовниот медијатор

Во нашето училиште оваа учебна година немаме ангажирано образовен медијатор.

# 9. Вонnаставни активности

## 9.1. Училишни спортски клубови

Од предвидените тимови во Годишната програма на училиштето за учебната 2022/2023 година се формираа училишни спортски тимови и тоа:

- Кошарка
- Одбојка
- Фудбал
- Ракомет

во кои изборот е според афинитетите на учениците и нивните интереси. Одоговорни наставници за овие спортски тимови се наставниците по физичко и здравствено образование. Во текот на учебната година беа создадени можности за учениците да учествуваат и да ги реализираат своите афинитети (ученичка Квизотека, ликовен конкурс, првенство во шах, натпревар меѓу основните училишта во Општина Центар во областа на спортот).

## 9.2. Секции / Клубови

Преку слободните ученички активности се создаваат претпоставки за индивидуализација на образовниот и воспитниот процес, за задоволување и развивање на индивидуалните интереси и способности на учениците за заедничка работа која придонесува за развивање на меѓусебна доверба и дружење во слободното време.
Преку работата на овие активности кај учениците се поттикнува и негува љубопитноста, самостојноста, истрајноста, креативноста и желбата за црпење на нови знаења.
Овие активности им овозможија на учениците да ја согледаат предноста на правилно користење на слободното време.

## Одделенска настава

| Назив на секцијата | Наставник | Број на ученици |
|---|---|---|
| Ликовна секција | Сузана Бачовска<br>Тина Лазаровска<br>Анела Атанасовска | 24-30 |
| Литературна секција | Љупка Андреева<br>Мирјана Настевска<br>Слободанка Гочевска | 26-34 |
| Драмска секција | Билјана Димовска<br>Верица Блажевска | 22-26 |
| Ритмичка секција | Милена Кузмановкса<br>Катерина Петковска<br>Христина Ристевска | 28-30 |

## Предметна настава

| Назив на секцијата | Наставник | Број на ученици |
|---|---|---|
| Ликовна | Марина Станковиќ | 12 |
| Литературна – рецитаторско- ораторска секција | Еуридика Глигорова | 18 |

## 9.3. Акции

Секоја учебна година во училиштето се организираа базари, хепенинзи, хуманитарни настани по повод Денот на училиштето или други одбележувања, одбележување на празниците според календарот.

Во текот на учебната година од предвидените активности реализирани се:

- Хуманитарен настан по повод Денот на книгата и Денот на гладот.
- Учество на новогодишна забава организирана од Општина Центар.
- Учество во кампањата „Да ги заштитиме децата во сообраќајот“ – организирана од РСБСП во соработка со МВР.
- Посета и учество во програмата за Детска недела (Парк на франкофонијата).
- Учество во хуманитарна акција поради земјотресот во Турција и Сирија.
- Учество на активност органзирана по повод Светскиот ден на правата на потрошувачите на тема „Зелена енергија за зелена планета“ – МОН и БРО.
- Учество на работилница и презентација на едукативна е-сликовница „Кркрлиевата авантура на зајакот“ – МВР и Општина Центар.
- Учество во активности по повод Патрониот празник на училиштето.
- Учество во работилница за надарени ученици.
- Учество на манифестацијата „Еко - пикник“.
- Учество во одбележување на Денот на планетата Земја.
- Учество во театарска претстава со актерот Игор Анѓелов.
- Учество во активност „Народни носии “ - Музеј на  РС Македонија.
- По повод денот на мајчиниот јазик учество во литературно читање на лични творби на тема „За мајчиниот јазик“ во библиотеката „Браќа Миладиновци“ во Скопје.

- Учество на активност по повод „Ден посветен на Ацо Шопов“ во просториите на Музејот на македонската борба.

## 10. Ученичко организирање и учество

Во учебната 2022/2023 година беа реализирани активности предвидени според програмата на Ученичкиот парламент. Членовите на Ученичкиот парламент беа запознати со програмата и предвидените активности. Ученичкиот парламент во нашето училиште го сочинуваат ученици од VI до IX-то одделение и во текот на учебната година реализираа неколку средби.
Извештајот за работата на Ученичкиот парламент е даден во прилог.

Членови на Ученички парламент:

| Паралелка | Име и презиме |
|---|---|
| VIа | Виктор Анастасиевиќ |
| VIб | Вања Поп Тонева |
| VIв | Марко Виќентиевиќ |
| VIIа | Ана Граматикова |
| VIIб | Андреј Димитровски |
| VIIв | Никола Есмеров |
| VIIIа | Калина Дробицки |
| VIIIб | Ивана Блажевска |
| IXа | Давор Трајковски |
| IXб | Ведран Арнаудов |

# 11. Вонучилишни активности

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Во Годишната програма за екскурзии, излети и настава во природа, за учениците од I до IX одд. се реализираа:

- 27.10.2022 г. еднодневен есенски излет село Лешок – Тетовско (Лешочки манастир) за учениците од II – IX одд. организирано преку Т.А. Кондор.
- Учениците од I одд. беа на излет во Градскиот Парк.
- 10 – 12.05.2023 г. наставно – научна екскурзија за IX одд. во Западна Македонија (Охрид) организирано преку Т.А. Кондор сместени во хотел Гранит.
- 17 – 18.05.2023 г. историско – географска екскурзија за учениците од VI одд. во Источна Македонија (Струмица) организирано преку Т.А. Кондор сместени во хотел Илинден.
- 22 – 26.05.2023 г. настава во природа за учениците од V одд. во Западна Македонија (Охрид) организирано преку Т.А. Кондор сместени во хотел Престол.
- 30.05.2023 г. еднодневен пролетен излет за учениците од I – IX одд. во Дељадровце (Кумановско) организирано преку Т.А. Кондор.
- 06.06.2023 г. еднодневна екскурзија за учениците од III одд. во Маврово организирано преку Т.А. Кондор.

## 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни антивности

Во текот на учебната година училиштето зеде учество во неколку вонучилишни активности:

- Учество во кампањата „ Да ги заштитиме децата во сообраќајот “ – огранизирана од РСБСП во соработка со МВР.
- Посета на ЗОО.
- Посета на ветеринарна амбуланта.
- Посета на спортскиот аеродром Стенковец.
- Учество во NTC работилница за надарени ученици.
- Учество на работилница „Истражуваме архитектура”.
- Посета на Музеј на современа уметност.
- Посета на Природонаучен музеј.
- Посета на Халк банка по повод „Ден на штедење”.
- Посета на тв Сител.
- Учество во работилница во врска со општествено одговорна кампања за поддршка на стари лица „ Да ги слушнеме и гушнеме”.
- Посета на театарска претстава „ За нашиот Горан “ во МНТ.
- Посета на Музеј на холокаустот.
- Посета на собрание на РСМ.
- Учество во проект (предавање) на тема „ Со велосипед и електричен тротинет низ Центар” – здружение Култи Ватор во соработка со Општина Центар.
- Посета на царинска управа на РСМ по повод Денот на царината 14.04.2023 година.
- Посета на библиотеката „Браќа Миладиновци “ и работилница со Билјана Црвенковска - авторка на приказните за добра ноќ.

- Посета на театарска претстава „Во куќата на волшебникот“.
- Посета на фурна „Диме“.
- Посета на Градската библиотека „Браќа Миладиновци “ за проект „Хортикултурна активност “.
- Посета на писателката Ксенија Маказлиева Трајчева.
- Посета на библиотеката „Браќа Миладиновци “ во соработка со писателите Тихомир Јанчовски и Ана Голеушча.
- Посета на писателката на лектирата „Децата од моето училиште“ – Јадранка Клисарова.
- Посета на театарска претстава „Сами сме дома“ – АРМ.
- Посета на театарска претстава „Том Соер“.
- Учество во кампања „Бидете херои на чесноста “ организирано од ДСКС.

## 12. Натпревари за учениците

Во учебната 2022/23 година наптреварите во кои учениците зедоа учество се дадени во прилог.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Во оваа учебна година се реализираа активности од проектот за меѓуетничка интеграција преку содржини, но меѓу ученици од нашето училиште, без можност за реализирање на активности со партнер училиште. Во прилог даден е Извештај од реализираните активности.

## 14. Проекти што се реализираат во училиштето

Континуирано секоја учебна година и оваа во училиштето се реализираат веќе постоечките проекти преку кои што доаѓа до афирмација на наставниците и учениците. Проектите во кои што е вклучено училиштето се дадени во прилог.

# 15. Поддршка на учениците

## 15.1. Постигнување на учениците

Постигнувањата на учениците се составен дел на Извештаите за учениците за нивниот успех и редовност кои редовно се следат и се бележат и воедно се прават споредбени резултати, а истиот начин на работа ќе продолжи и оваа учебна година. Анализата на постигнатите резултати ја прави Стручната служба.

Постигнатиот успех од минатата учебна година е 4.91.

## Преглед на успехот на учениците на крајот од учебната 2022/2023 година

| Одделение | Број на ученици | Број на ученици според постигнатиот успех | | | | Број на ученици со слаби оцени | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | одлични | мн.добри | добри | доволни | со 1 сл | со 2 сл | повт. год. | неоценети | |
| I | 88 | Учениците се описно оценети | | | | | | | | / |
| II | 77 | | | | | | | | | / |
| III | 77 | | | | | | | | | / |
| IV | 91 | 91 | / | / | / | / | / | / | / | 4,98 |
| V | 67 | 67 | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **IV–V** | **158** | **158** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4.99** |
| VI | 78 | 76 | 2 | / | / | / | / | / | / | 4,72 |
| VII | 78 | 75 | 1 | 2 | / | / | / | / | / | 4,89 |
| VIII | 64 | 61 | 3 | / | / | / | / | / | / | 4,88 |
| IX | 61 | 59 | 2 | / | / | / | / | / | / | 4,95 |
| **VI – IX** | **281** | **271** | **8** | **2** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4,86** |
| **IV –IX** | **439** | **429** | **8** | **2** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4,92** |

## * Изостаноци на учениците на крајот од учебната 2022/2023 година

| Одд<br>Вид | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 2201 | 1458 | 1123 | 2489 | 2889 | 1733 | 2569 | 730 | 1525 | 16 717 |
| Неоправдани | / | / | / | / | / | / | 145 | 27 | 66 | 238 |
| Вкупно | 2201 | 1458 | 1123 | 2489 | 2889 | 1733 | 2714 | 757 | 1591 | 16 955 |

## * Поведение на учениците

Во учебната 2022/2023 год. сите ученици ја завршија учебната година со примерно поведение, но 2 ученика ќе одат на дополнителна настава во месец јуни.

Во првото полугодие еден ученик од V одд. кој е од социјално ранлива група доби парична помош од Општина Центар. Сите ученици кои потекуваат од семејства кои се од социјално ранлива група училиштето ги ослободува од плаќање на оброк, екскурзија, списанија и воедно се организираат хуманитарни активности со коишто меѓу другото им се помага и на нив.

Учениците Филип Димовски од VIIа одд., Михала Муткова од VIа одд., Алек Стаматовски, Јована Атанасовска од IVа одд., Теодор Нановски се добитници на стипендија од областа на спортот.

Ученичката Теодора Стојановска од VIIа одд. е добитник на стипендија од областа на култура и ученичките Ева Малиновска од VIIIа одд. и Теона Димитриевска од VIIIб одд. се добитници на Феникс наградата доделена од Општина Центар.

На Наставничкиот Совет оддржан на 12.01.2023 година еден ученик од IX одд. доби педагошка мерка – „Укор” поради непочитување на Кодексот на однесување на ученици и непочитување на правилата на воспитно - образовниот процес. Истиот беше повлечен на крајот на учебната година.

На Наставничкиот Совет одржан на 10.04.2023 година седум ученици VIIв добија педагошка мерка – „Укор” поради непочитување на Кодексот на однесување на учениците во училиштето. Педагошката мерка за овие ученици беше повлечена поради подобрување на однесувањето на учениците до крајот на учебната година.

Оваа учебна година за талнтиран ученик беше избрана ученичката Јована Трајковска од IXа одд. која доби парична награда од Општина Центар.

На Наставничкиот совет одржан на 14.06.2023 година за ученици на генерација беа избрани Нина Лазарова IXа одд. и Александар Гаврилоски IXб одд.

На крајот од учебната година 2 ученика (еден од VI одд. и еден од IX одд.) полагаа класен испит по француски јазик во ООУ „Димитар Миладинов“ – Центар, бидејќи во нашето училиште како втор странски јазик се изучува германскиот јазик.

## Споредбени резултати за годишниот успех на учениците за трите последни учебни години 2020/2021, 2021/2022 и 2022/23 год.

**2020/2021 год.**

| Одд. | Број на ученици | Одлични | Мн. Добри | Добри | Доволни | Со 1 слаба | Со 2 слаби | Неоц. | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I–III | Описно оценување | | | | | | | | |
| IV | 83 | 83 | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| V | 81 | 81 | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **IV–V** | **164** | **164** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **5,00** |
| VI | 65 | 64 | 1 | / | / | / | / | / | 4,93 |
| VII | 64 | 60 | 3 | 1 | / | / | / | / | 4,91 |
| VIII | 83 | 78 | 5 | / | / | / | / | / | 4,88 |
| IX | 59 | 58 | 1 | / | / | / | / | / | 4,93 |
| **VI-IX** | **271** | **260** | **10** | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4,91** |
| **IV-IX** | **435** | **424** | **10** | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4,94** |

**2021/2022 год.**

| Одд. | Број на ученици | Одлични | Мн. Добри | Добри | Доволни | Со 1 слаба | Со 2 слаби | Неоц. | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I–III | Описно оценување | | | | | | | | |
| IV | 69 | 69 | / | / | / | / | / | / | 4,99 |
| V | 80 | 80 | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **IV–V** | **149** | **149** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4.99** |
| VI | 77 | 72 | 5 | / | / | / | / | / | 4,86 |
| VII | 63 | 58 | 5 | / | / | / | / | / | 4,83 |
| VIII | 65 | 60 | 4 | 1 | / | / | / | / | 4,87 |
| IX | 83 | 82 | 1 | / | / | / | / | / | 4,91 |
| **VI-IX** | **288** | **272** | **15** | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4,86** |
| **IV-IX** | **437** | **421** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4,91** |

**2022/2023 год.**

| Одд. | Број на ученици | Одлични | Мн. Добри | Добри | Доволни | Со 1 слаба | Со 2 слаби | Неоц. | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I–III | Описно оценување | | | | | | | | |
| IV | 91 | 91 | / | / | / | / | / | / | 4,98 |
| V | 67 | 67 | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **IV–V** | **158** | **158** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4.99** |
| VI | 78 | 76 | 2 | / | / | / | / | / | 4,72 |
| VII | 78 | 75 | 1 | 2 | / | / | / | / | 4,89 |
| VIII | 64 | 61 | 3 | / | / | / | / | / | 4,88 |
| IX | 61 | 59 | 2 | / | / | / | / | / | 4,95 |
| **VI-IX** | **281** | **271** | **8** | **2** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4,86** |
| **IV-IX** | **439** | **429** | **8** | **2** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4,92** |

## Споредбени резултати за направените изостаноци на крајот за учебната година за трите последни учебни години 2020/21, 2021/22 и 2022/23 год.

**2020/2021 година**

| Одд<br>Вид | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 4 | 551 | 1006 | 321 | 68 | 2 | / | 135 | 79 | 2166 |
| Неоправдани | / | / | / | / | / | 1 | / | 7 | 2 | 10 |
| Вкупно | 4 | 551 | 1006 | 321 | 68 | 3 | / | 142 | 81 | 2176 |

**2021/22 година**

| Одд<br>Вид | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 1156 | 700 | 392 | 496 | 340 | 520 | 70 | 11 | 624 | 4309 |
| Неоправдани | / | / | / | / | / | / | / | 12 | 2 | 14 |
| Вкупно | 1156 | 700 | 392 | 496 | 340 | 520 | 70 | 23 | 626 | 4323 |

**2022/2023 година**

| Одд<br>Вид | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 2201 | 1458 | 1123 | 2489 | 2889 | 1733 | 2569 | 730 | 1525 | 16 717 |
| Неоправдани | / | / | / | / | / | / | 145 | 27 | 66 | 238 |
| Вкупно | 2201 | 1458 | 1123 | 2489 | 2889 | 1733 | 2714 | 757 | 1591 | 16 955 |

# 16. Оценување

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето на постигнатиот успех на учениците во учебната 2022/2023 година се реализира на следниот начин:

**Прво тримесечје**

- Описно оценување за учениците од I-во до VI-то одделение
- Бројчано оценување за учениците од VII-мо до IX-то одделение

**Крај на прво полугодие**

- Описно оценување за учениците од I-во до VI-то одделение
- Бројчано оценување за учениците од VII-мо до IX-то одделение

**Трето тримесечје**

- Описно оценување за учениците од I-во до VI-то одделение
- Бројчано оценување за учениците од VII-мо до IX-то одделение

**Крај на учебната година**

- Описно оценување за учениците од I-во до III-то одделение
- Бројчано оценување за учениците од IV-то до IX-то одделение

Оценувањето на учениците за трите тримесечја беше евидентирано во евидентните листови кои од оваа учебна година се дел од електронскиот дневник. Воедно се организираа родителски средби преку кои родителите имаа можност да се запознаат со успехот и поведението. Секој родител имаше можност да има увид во електронскиот евидентен лист.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во текот на оваа учебна година 2022/2023 Тимот за следење анализа и поддршка постојано им даваше поддршка на учениците и наставниците во совладување на потешкотиите на кои наидуваа при реализирање на воспитно-образовната работа.

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во текот на учебната година посетата за следење и вреднување на квалитетот на работата на секој наставник поединечно беше реализирана четири пати оваа учебна година. Распоредот за посета на часови е во Извештајот од работата на директорот и Стручната служба.

## 16.4. Самоевалуација на училиштето

Во месец август 2023 год. ќе биде изработена финалната верзија на Самоевалуација на училиштето за учебните 2021/22 год. и 2022/23 год. Во нејзино изготвување е вклучен тим од наставници кој беше формиран на Наставничкиот Совет, за периодот 2021-2023 год. Целта на Самоевалуацијата е согледување на клучните јаки страни и надминување на слабите страни за реализација на воспитно образовната работа.

- Преглед на тимовите за евалвација на работата на училиштето

| Ред. Бр. | Подрачје | Координатори на тимовите по подрачја |
|---|---|---|
| 1. | Организација и реализација на настава и учење | Филип Стојковиќ |
| 2. | Постигања на учениците | Радмила И.Стојановска |
| 3. | Професионален развој на наставниот кадар | Маргарита Н. Бошковска |
| 4. | Управување и раководење со училиштето | Розе Нушкова |
| 5. | Комуникации и односи со јавноста | Мирјана Настевска |
| 6. | Училишна клима и култура | Јулијана. Тричковска |
| 7. | Соработка со родители | Катерина Петковска |

Останатите вработени од наставниот кадар во училиштето се распределени пропорционално во секое од подрачјата на Самоевалуацијата.

## 17. Безбедност во училиштето

Во училиштето за безбедноста на наставниците, учениците и сите вработени изработен е план за заштита и спасување од природни катастрофи и незгоди со изработена шема. Во училиштето во првото полугодие обезбедувањето беше преку Агенција за обезбезбедување „Патрол” кое беше финансирано од родителите, додека во второто полугодие финансирањето беше од страна на Општина Центар. Во склоп на истиот план вработените и учениците учествуваа во симулирани вежби (во прилог е планот за заштита и спасување).

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1. Хигиена во училиштето

За хигиената во училиштето се грижи техничкиот персонал чиј распоред за одржување на хигиената во училниците, тоалетите и ходниците е истакнат на влезната врата на училиштето, пред секоја училница, секој ходник и тоалетите на секој спрат. Во оваа учебна година направена е трипати дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училиштето и тоа почетокот на учебната година, на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година и репелен за змии.

### 18.2. Систематски прегледи

За учениците од I,II, III, IV, V, VI и VII одделение е реализиран систематски - стоматолошки преглед во здравствена установа „Идадија“.

Во месец ноември се реализираше санитарен преглед на вработените во Центар за јавно здравје „Пролет”.

За учениците од I и II одд. се реализираше систематски преглед во здравствена установа „Бит пазар” – школска.

### 18.3. Вакцинирање

Kako дел од грижа за здравјето на учениците која се реализираше според календарот за имунизација вакцинирање на учениците од I и II одделение (ревакцина-МРП) во здравствена установа „Бит пазар” – школска, за девојчињата од VII одд. HPV-вакцина и за учениците од IX одд. ревакцина за Дите и Полио.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана

За учениците од прво до четврто одделение беше организиран оброк преку оператор „Стара ванила” во училишната кујна.

## 19. Училишна клима и односи во училиштето

### 19.1. Дисциплина

Дисциплината во училиштето се оддржува со активно учество на сите субјекти, а со доследно спроведување на изработените Кодекси на однесување на ученици, наставници, родители и други вработени. За време на одморите меѓу часовите има организирано дежурство од наставници во училишните ходници и во училишниот двор. Покрај дежурство од страна на наставниците во училиштето е организирано и дежурство од по 2 ученика од VII, VIII и IX одд. ротирајќи по паралелки.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Уредувањето и одржувањето на просторот во училиштето го реализираат наставниците со нивните ученици пред својот кабинет како и паноата според потребите и наставните содржини, а останатиот дел од училишната зграда го одржуваат членовите на ликовна и литературна секција со нивните предметни наставници. Пред секоја училница има поставено паноа на кои редовно се истакнуваат изработките од учениците.

### 19.3. Етички кодекси

Во холот на училиштето се поставени Кодекси на однесување за: родители, ученици и наставници (Во прилог е правилник за однесување на ученици и родители и етички Кодекс за однесување на наставници и Стручни соработници).

# 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

## 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите и активности за професионален и личен развој

На почетокот на учебната година секој наставник изработи план за Професионален и личен развој во кој беа истакнати обуки преку кои наставниците ќе можат да го подобрат својот професионален и кариерен развој. Во прилог се реализираните обуки од учебната 2022/2023 година.

## 20.2. Хоризонтално учење

Наставниците од I, II, IV и V-то одделение кои беа на обука за Новата Концепција за основно образование го пренесоа своето знаење меѓу наставниците од одделенска настава со цел да се подобри работата на училиштето.

# 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

## 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Во текот на учебната година беа одржани состаноци на Совет на родители во која учествуваа по еден член (родител) од секоја паралелка, по еден наставник од актив и Стручна служба. Претседателот на Советот на родители ги организираше средбите на кои се реализираа активностите предвидени со програмата на Совет на родители за учебната година. Годишниот извештај од Советот на родители е во прилог.

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Информираноста на родителите за сите промени кои следеа во текот на учебната година се реализираа преку:

- преку Советот на родители
- преку групни и индивидуални средби со наставници
- преку Стручната служба на училиштето
- преку Е-дневникот
- преку веб страна на училиштето
- преку facebook страната

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

На почетокот на учебната година преку организираните родителски средби, родителите се запознаваат со промени коишто настануваат, а се поврзани со воспитно образовниот процес во училиштето. Воедно и преку одржување на Советот на родители се информираат и едуцираат за сите новости поврзани со работата на училиштето, а покрај ова се организираат и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер со Стручната служба во функција на советување на родителите.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

### 22.1. Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население...)

Соработката со локалната заедница во текот на учебната година се реализираше преку повеќе форми на соработка при што сите предвидени активности од страна на истата ние како училиште секогаш ги реализиравме. Во прилог е годишниот извештај за соработка со локалната средина.

### 22.2. Институции од областа на културата

Во учебната година учениците и наставниците активно учествуваа на сите конкурси и покани за натпревари. Учениците од одделенска и предметна настава зедоа учество на многу ликовни и литературни изложби, беа посетени голем број на споменици и установи поврзани со содржините на наставата.

### 22.3. Институции од областа на образованието

Во текот на учебната година се реализира соработка со :

- БРО, МОН, Секторот за основно образование како дел на општината заради непречено одвивање на образовниот процес, размена на информации, доставување на разни извештаи, помош во работењето и сл.;
- Детските градинки во кругот на нашата населба, заради преземање  ученици за прво одд.;
- Основните училишта од општината и пошироко, заради размена на информации и искуства и взаемна помош во работата;

- Средните училишта од општината и пошироко, особено каде што има запишано наши ученици, заради следење на учениците кои учеле во нашето училиште, потврда за запишување, одредени проблеми кај некои ученици и сл.;
- Инспекторат за основно образование, заради утврдување на правилноста во работењето.

### 22.4. Здравствени организации

Како и досега, училиштето ја продолжи соработката со: Здравствена установа „Бит пазар“ – школска, Здравствена установа „Идадија“, ресурсен центар „Иднина”, Центарот за социјални грижи, Црвениот крст, „Комисија за функционална проценка на попреченост во развојот”, Центар за јавно здравје „Пролет”.

### 22.5. Медиуми (со цел на промоција на училиштето)

Во текот на учебната година одредени активности реализирани во училиштето се промовираа преку печатените медиуми и социјалните мрежи.

## 23. Следење на имплементацијата на Годишната програма за работа на основното училиште

Од приоритетните подрачја за следење кои беа планирани во Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2022/2023 година како приоритетни подрачја кои до крајот на учебната година не се реализирани:

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Проширување на училиштето со кабинетски (училиштен) простор. | Во текот на учебната година | Директор | Директорот и одговорните лица на тимовите |

## 24. Евалуација на Годишната програма за работа на основното училиште

Во Годишната програма на училиштето за учебната 2022/2023 година се планираат активности со цел подобрување на воспитно-образовната настава во училиштето. Сите активности кои што се реализирани во текот на учебната година се дел од Годишниот извештај на училиштето. Со добивањето на конечниот извештај од извршената Интегрална евалуација од страна на ДПИ – МОН во којашто како слаба страна на училиштето е потребата од специјален едукатор и рехабилитатор поради зголемениот број на деца со попреченост во развојот и организирање обуки за наставници за работа со асистивна технологија. Истите ќе бидат како приоритетни подрачја за наредната учебна година.

## 25. Заклучок

Како училиште се стремиме секогаш успешно да го поттикнеме индивидуалниот развој на учениците и наставниците, го негуваме меѓусебното разбирање и почитување, ја развиваме одговорноста и потребата од постојано надоградување. Нашето училиште секогаш го подржува професионалниот развој на наставниците при што ја зголемува ефективноста на воспитно-образовниот процес. Секогаш се стремиме на учениците да им овозможиме квалитетни и трајни знаење кои ќе допринесат за нивниот личен развој во понатамошното образование.

Ја негуваме и поттикнуваме заедничката соработка меѓу учениците, родителите и наставниците со која се допринесува за развивање на меѓусебна доверба и почит. За сите одлуки кои се носат за воспитно-образовниот процес на учениците секогаш навремено се информираат и родителите преку Советот на родители, групни и индивидуални средби со наставниците, преку Стручната служба на училиштето, веб страната на училиштето и facebook страната на училиштето.

Нашето училиште е вклучено во голем број на проекти при што несебична поддршка добива од родителите, учениците, наставниците и општината, а придобивките се со цел за подобрување односно воведување на новитети во воспитно-образовниот процес.

## 26. Комисија за изработка на Годишниот извештај за работата на училиштето

- Светлана Масларевска – директор,
- Билјана Јованова – педагог,
- Матеа Макаровска – психолог,
- Валентина Зорчец – наставник по информатика,
- Виолета Јаноска – наставник по географија,
- Филип Стојковиќ – наставник по историја,
- Радмила Илиева Стојановска – наставник по македонски јазик,
- Славица Алексова – наставник по хемија,
- Љупка Андреева – одделенски наставник,
- Слободанка Гочевска – одделенски наставник,
- Анета Чупеска – наставник по англиски јазик.

## 27. Користена литература

Програмата на ООУ„Коле Неделковски“, Скопје е изготвена врз основа на:

- Законот за основно образование;
- Закон за наставници и стручни соработници;
- Правилник за работа за наставници и стручни соработници;
- Статут на училиштето;
- Подзаконски акти;
- Наставни планови и програми за деветгодишно образование;
- Програмата и Извештајот за работата на училиштето од претходната учебна година;
- Извештај од претходната интегрална евалуација;
- Развоен план;
- Самоевалуација на училиштето;
- Финансиски извештаи за работењето на училиштето.

# Прилози

## 1. Работа на директорот

Планирањето на работата на директор за училиштетот е неопходна за успешна реализација на воспитно-образовниот процес.

| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|
| Учество во организирање на упис на првачиња за учебната 2022/2023 година | Организирање на начинот на упис | мај/јуни |
| Учество во изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето | Идеи, анализи, заклучоци | јули |
| Анализа на материјално -техничката состојба во училиштето | Организирање на административно-техничкиот персонал | јули |
| Учество во изработка на Програмата за екскурзии и нивна реализација | Планирање и реализирање | јули |
| Учество во изготвување на Годишната програма за Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образoвен систем | Идеи, анализи, заклучоци | јули |
| Распределба на 90 ученика во прво одделение во 3 паралелки за учебната 2022/23 година | Планирање и реализирање | јули |
| Учество во организирање на приредба за првачињата | Планирање и реализирање | август |
| Распределба на часови, класни раководства и одд. раководители | Планирање и реализирање | август |
| Запишување и распределба на новодојдени ученици за учебната 2022/2023 година од други основни училишта (вкупно 7) од кои:<br>- 1 ученик (1 женско) во III одд.<br>- 1 ученик (1 машко) во IV одд.<br>- 2 ученика (2 машки) во VI одд.<br>- 2 ученика (1 машко и 1 женско) во VII одд.<br>- 1 ученик (1 женско) во VIII одд. | Планирање и реализирање | Во текот на учебната година |

| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|
| Отпишување на ученици и префрлање во други основни училишта за учебната 2022/2023 год. (вкупно 25) од кои:<br>Во прво полугодие:<br>- 2 ученика (2 машки ) од I одд.<br>- 2 ученика (1 машко и 1 женско) од II одд.<br>- 2 ученика (2 машки) од III одд.<br>- 2 ученика (1 машко и 1 женско) од V одд.<br>- 2 ученика (2 женски) од VI одд.<br>- 1 ученик (1 машко) од VII одд.<br>- 3 ученика (3 женски) од IX одд.<br>Во второ полугодие:<br>- 2 ученика (2 машки) од II одд.<br>- 3 ученика ( 2 женски и 1 машко ) од III одд.<br>- 2 ученика ( 1 машко и 1 женско )од IV одд.<br>-2 ученика ( 2 машки ) од VI одд.<br>- 1 ученик ( 1 машко) од VII одд.<br>- 1 ученик ( 1 машко ) од IX одд. | Планирање и реализирање | Во текот на учебната година |
| Запознавање на наставниците со новата концепција во основно образование во I,II, IV и V одделение | Планирање и реализирање | август |

| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|
| Посета на часови во одделенска и предметна настава од кои:<br><br>Во I полугодие вкупно 33 од кои 18 часови во одделенска и 15 часови во предметна настава<br>I одд. – англиски, математика, општество, македонски јаз.<br>II одд. – македонски јаз., природни науки, математика, музичко образ., општество, англиски јаз.<br>III одд. –математика, природни науки<br>IV одд. –историја и општество, македонски јаз., природни науки<br>V одд. – македонски јазик,општество, математика<br>VI одд. – информатика, математика, македонски јаз.<br>VII одд. – математика, германски јаз.,историја, физичко и здр. Образование, ликовно образ.<br>VIII одд. – ликовно образ.,македонски јазик<br>IX одд. – хемија, македонски јазик, англиски јаз., музичко образ., иновации<br><br>Во II полугодие вкупно 40 од кои 23 во одделенска и 17 во предметна настава<br>I одд. – математика, македонски јазик и општество<br>II одд. – македонски јаз., природни науки, музичко образ., општество<br>III одд. –математика, природни науки<br>IV одд. –музичко, македонски јаз., природни науки<br>V одд. – општество, ликовно образование<br>VI одд. – информатика, математика<br>VII одд. – македонски јазик,германски јазик,историја, етика<br>VIII одд. – ликовно образ.,македонски јазик<br>IX одд. – хемија, македонски јазик, англиски јаз., музичко образ. | Увид, следење, анализа, заклучок | октомври<br>декември<br>февруари<br>април |
| Разговори и советувања со наставници, родители и ученици | Советување, информирање, објаснување | Во текот на учебната година |

| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|
| Увид во водењето на педагошката евиденција и документација:<br>○ е-дневник на паралелката<br>○ дневни подготовки<br>○ матична книга<br>○ евидентни листови<br>○ ученички легитимации | Проверување, информирање | Во текот на учебната година |
| Учество во работата на:<br>○ Одделенски и Наставнички совет<br>○ Стручни активи<br>○ Совет на родители | Подготовки, планирање, информирање | Во текот на учебната година |
| Учество во работата на Органот на управување - Училиштен одбор. | Советување,разговори,информирање | Во текот на учебната година |
| Учество во обработката на статистички податоци и извештаи потребни за училиштето, БРО, МОН, Општина Центар и останати институции. | Насочување, објаснување, информирање, следење, анализа | Во текот на учебната година |
| Пратење и увид во финансиското и материјалното работење на училиштето. | Изготвување извештаи, почитување на законски акти | Во текот на учебната година |
| Учество во изработка на Полугодишниот извештај и Годишен извештај за работата на училиштето. | Планирање, собирање податоци, советување, анализа. | Јануари - јуни |
| Член во УИТ. | Советување, разговори, информирање | Во текот на учебната година |
| Формирање тимови за изработка на самоевалуација на училиштето за периодот 2021/2022 година и Развоен план за периодот 2023/2027 година. | Советување, разговори, информирање | ноември |
| Формирање на комисија за упис на првачиња за учебната 2023/2024 год. | Договарање и информирање | април |

| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|
| Учество во организирање на обуки за професионален и кариерен развој на наставниците и сопствено унапредување:<br>• Учество на обука за професионална ориентација на учениците на тема Зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој<br>• Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство и кибернасилство | Информирање, собирање на податоци и почитување на законските акти | Декември - јули |

## 2. Работа на училишниот педагог

Во текот на учебната 2022/2023 година педагогот ја реализираше својата програма преку следниве работни содржини:

| Работна содржина | Соработник |
|---|---|
| Учество во организирање на начинот на тестирање на првачиња за упис во учебната 2022/2023 год. | Членови на комисијата за упис на првачиња |
| Учество во тестирање на првачиња за упис | Членови на комисијата за упис на првачиња |
| Учество во изготвување на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/2023 год. | Одделенски и предметни наставници, директор, психолог |
| Учество во изготвување на Полугодишниот извештај за учебната 2022/2023 год. | Одделенски и предметни наставници, директор, психолог |
| Учество во изготвување на Годишната програма и Полугодишниот извештај за проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ – за првото полугодие од учебната 2022/2023 год. | Одделенски и предметни наставници |

| Работна содржина | Соработник |
|---|---|
| Учество во изготвување на Годишната глобална програма и Полугодишниот извештај за проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ – за учебната 2022/2023 год. | Членови на СИТ – от |
| Распределба на 90 ученика во прво одделение во 3 паралелки за учебната 2022/23 год. | Комисија за упис на првачиња |
| Запишување и распределба на новодојдени ученици за учебната 2022/2023 година од други основни училишта (вкупно 7) од кои:<br>- 1 ученик (1 женско) во III одд.<br>- 1 ученик (1 машко) во IV одд.<br>- 2 ученика (2 машки) во VI одд.<br>- 2 ученика (1 машко и 1 женско) во VII одд.<br>- 1 ученик (1 женско) во VIII одд. | Директор, психолог |
| Отпишување на ученици и префрлање во други основни училишта за учебната 2022/2023 год. (вкупно 25) од кои:<br>Во прво полугодие:<br>- 2 ученика (2 машки ) од I одд.<br>- 2 ученика (1 машко и 1 женско) од II одд.<br>- 2 ученика (2 машки) од III одд.<br>- 2 ученика (1 машко и 1 женско) од V одд.<br>- 2 ученика (2 женски) од VI одд.<br>- 1 ученик (1 машко) од VII одд.<br>- 3 ученика (3 женски) од IX одд.<br>Во второ полугодие:<br>- 2 ученика (2 машки) од II одд.<br>- 3 ученика ( 2 женски и 1 машко ) од III одд.<br>- 2 ученика ( 1 машко и 1 женско )од IV одд.<br>-2 ученика ( 2 машки ) од VI одд.<br>- 1 ученик ( 1 машко) од VII одд.<br>- 1 ученик ( 1 машко ) од IX одд. | Директор, психолог |
| Учество во подготовка на Годишните планирања и педагошкото досие на одделенските и предметните наставници | Одделенски и предметни наставници , психолог |

| Работна содржина | Соработник |
|---|---|
| Учество во работата на Стручните активи (одд. настава, природни науки и јазици) | Директор и членовите на стручните активи, психолог |
2. По однос на втората точка членовите се договорија за следната активност „Почист парк за почисто Скопје“ да се оддржи на 25.11.2022 г.
3. Во однос на третата точка беше договорено следната средба да се оджи на 25.01.2023 г.

**Записник бр.3**

На **25.11.2022** год. се одржа третиот состанок на членовите на тимот со следниов

Дневен ред

1. Извештај од реализирана заедничка активност.
2. Договор за следна активност.
3. Договор за следна средба.

Записник

1. По однос на првата точка членовите поднесоа извештај за реализираната еко акција којашто се реализира во нашето училиште, при што беше зклучено дека со овие активности, учениците придонесуваат за зачувување на својата средина и зголемување на еколошката свест кај истите.
2. По однос на втората точка членовите се договорија за следната активност - реалзиирање на спортски натпревари меѓу одделенија од нашето училиште.
3. Во однос на третата точка беше договорено следната средба да се оджи во второто полугодие.

**Записник бр.4**

На **03.05.2023** год. се одржа четвртиот состанок на членовите на тимот со следниов

Дневен ред

1. Извештај од реализирана заедничка активност.
2. Извештај на целокупната работа во текот на целата учебна година 2022 / 2023 година на сите членови.

Записник

1. По однос на првата точка беше истакнато дека по повод патрониот празик на нашето училиште се реализираа спортските натпревари (кошарка, фудбал, влечење со јаже) меѓу учениците од различни паралелки и одделенија.
2. По однос на втората точка беше изработен Годишниот извештај за реализираните активности во учебната 2022 / 2023 година.

Одговорен наставник:
Филип Стојковиќ

## 22. Проекти што се реализираат во училиштето

Континуирано веќе неколку учебни години па така и оваа учебна година нашето училиште е вклучено во следниве проекти:

- Проект „Стандарди за оценување“

- Носител на проектот: УСАИД

- Проект „Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем“

- Носител на проектот: МОН, Здружение на граѓани ОНО и Швајцарска агенција за развој

- Проект „Меѓуетничка интеграција во образованието“

- Носител на проектот: МОН, УСАИД

- Проект „Училишта на 21$^{от}$ век “

- Носител на проектот: Британски Совет, МОН

Целта на овој проект е да се зајакнат вештините за критичко размислување и решавање проблеми, како и подобрување на дигиталните вештини на учениците со помош на микробит уреди (30).

- Проект ,,Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран”

- Носител на проектот: Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор” во соработка со Здружението за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива” и Здружението за давање услуги на лицата со попреченост „Хендимак”, МОН.

## 23. Поддршка на учениците и за подобрување на резултатите

| Содржини | Време на реализација |
|---|---|
| Идентификување на талентираните, надарените и учениците со потешкотии во учењето. | октомври - ноември |
| Изготвување на програми за работа со учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии. | октомври - ноемви |
| Следење и евидентирање на присуство на учениците на часови за додатна и дополнителна настава. | октомври - мај |
| Подготовка на извештаи. | јануари - јуни |
| Информирање на училиштето за постигањата на учениците преку веб страна на училиштето, соработка со културни установи и институции, литературни читања, ликовни изложби, спортски натпревари итн. | октомври - јуни |

## 24. Професионална ориентација на учениците

Процесот на професионална ориентација на учениците во текот на учебната година се реализираше преку информирање, отворени дискусии и презентации од страна на средните училишта за време на одделенските часови. Целта на оваа професионална ориентација на учениците е можноста да се запознаат со соодветни професии при што беа реализирани во текот на учебната година:

| Месец | Активност |
|---|---|
| септември | - Предложување и усвојување на програмата за работа. |
| октомври | - Дискусија на одделенскиот час за професија која има најголем интерес кај учениците.<br>- Спроведување анкета со деветто одделение. |

| | |
|---|---|
| ноември | - Запознавање со одредени професии преку презентации од средни стручни училишта. |
| декември | - Посета на група студенти од Музичка академија со проф. Дарко Багески (родител) и запознавање со неговата професија (IIб одд.).<br>- Оддржана работилница на тема „Човекови права” во соработка со родителката Ѓултен Мустафова (Vа одд.).<br>- Запознавање со професијата балет и видови на класична музика за деца (посета на родител II одд.).<br>- Предавање за детско штедење од родител во I одд.<br>- Презентација на новиот стил на учење (користење на виртуелни очила во наставата по историја и географија во IX одд.). |
| февруари | - Запознавање со професија ветеринарен лекар д-р С. Горѓиева (II одд.).<br>- Оддржан час од проф. по кларинет (родител) Александар Треновски и запознавање со инструментот. |
| март | - Запознавање со професијата ветеринар (грижа за домашни миленици) Никола Савовски (родител од IV одд.).<br>- Запознавање со детски музички инструменти Симона Гајдо (родител од I одд.).<br>- Запознавање со професијата оториноларинголог (родител од од IV одд.).<br>- Посета на царинска управа и запознавање со професијата царинарник (Саша Сашек Гошева родител од I одд.). |
| мај | - Запознавање со професијата новинар и посета на Сител телевизија (Иван Кузмановски родител од IV одд. ). |
| мај | - Запознавање со професијата психолог и реализирана дискусија на тема „Менталното здравје кај учениците“ (VIII одд.). |
| мај | - Предавање од областа на земјотреси ( VIII одд. ). |

# 25. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Врз основа на Законот на основно образование на РСМ член 66 став 2 и Упаството, училиштето изработи „Протокол” за постапка за пријавување и заштита на ученик- жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Овој „Протокол” во месец септември беше презентиран пред наставниците и Советот на родители, а со истиот беа запознаени и учениците на одделенскиот час од страна на нивните класни раководители. „Протоколот” е истакнат на веб страната на училиштето до кој има пристап секој родител, ученик, наставник. Како резултат на преземање активности за спречување и заштита од насилство од злоупотреба, запуштање и спречување дискриминација, меѓу другото реализирани се и следниве активности:

| Задачи | Активности | Одговорни лица | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| -Утврдување на постапка и процедура во случај на насилно однесување.<br>-Запознавање со „Протокол” за постапка за пријавување и заштита на ученик- жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. | Разговори со одделенските и класните раководители за појавата на насилно однесување и информирање на родителите | Директор, стручни соработници, наставници | Во текот на учебната година |
| -Работа со ученици кај кои се манифестира насилно однесување. | Евидентирање и советодавна работа со учениците | Стручни соработници, наставници | Во текот на учебната година |
| -Реализирање на работилници за насилно однесување, заштита од насилство и развивање на комуникациски вештини. | Разговор за добиените податоци од реализираните работилници | Стручни соработници, наставници | Во текот на учебната година |
| -Советодавна работа со родители. | Советодавна работа со родители на ученици жртви на насилно однесување и ученици кои манифестираат насилно однесување | Стручни соработници, наставници | Во текот на учебната година |

## 26. Следење и анализа на состојбата со оценување

| Активност | Време на реализација |
|---|---|
| Изготвување на тестови за проверка на знаењето на учениците | октомври – јуни |
| Вреднување на учениците со потешкотии во развој | октомври – јуни |
| Анализа на успехот на учениците | ноември, јануари, април и мај |

## 27. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовен кадар

| Активности | Носител на активност | Време на реализација |
|---|---|---|
| Договор за следење на работата на воспитно-образовен кадар | Директор, стручни соработници, наставници | октомври |
| Посета на часови | Директор, стручни соработници | По две посети во едно полугодие |
| Проверка на е-дневници на паралелките | Директор, стручни соработници | ноември/декември февруари/мај |
| Увид во Годишните планирања на наставниците и дневните подготовки | Директор, стручни соработници | октомври – ноември |

# 28. Самоевалуација на училиштето за периодот 2019-2021 година

Во тек е изработка на финалната везија на Самоевалуацијата на училиштето за периодот 2021-2023 година, којашто ќе се користи од почетокот на учебната 2023/2024 година.

| Програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација |
|---|---|---|---|
| Одредување на координатори на тимовите | ноември | Директор | Информирање и разменување мислење |
| Подготовка и прибирање на податоци | декември | Членови на тимовите | Предлози и спореведување на мерки за квалитетот на наставата |
| Разменување на мислења за работната верзија на самоевалуацијата | јуни | Директор<br>Членови на тимовите | Разговори и разменување на мислење, анкети и прашалници |
| Усвојување на самоевалуацијата | август | Членови на тимовите | Согледување на состојбата |

- Преглед на тимовите за евалвација на работата на училиштето

| Ред. Бр. | Подрачје | Координатори на тимовите по подрачја |
|---|---|---|
| 1 | Организација и реализација на настава и учење | Филип. Стојковиќ |
| 2 | Постигања на учениците | Радмила И.Стојановска |
| 3 | Професионален развој на наставниот кадар | Маргарита Н. Бошковска |
| 4 | Управување и раководење со училиштето | Розе Нушкова |
| 5 | Комуникации и односи со јавноста | Мирјана Настевска |
| 6 | Училишна клима и култура | Јулијана. Тричковска |
| 7 | Соработка со родители | Катерина Петковска |

# 29. План за заштита и спасување од природни катастрофи и незгоди

**1. Опис и локација**

ООУ „Коле Неделковски“ – Скопје се наоѓа во централното градско подрачје во Дебар Маало на ул.„Антоние Грубишиќ“ бр. 8 во непосредна близина на Министерството за култура и Градски парк, помеѓу бул. „Партизански Одреди“ и бул. „Илинден“.

**2. Технички опис**

Училиштето е тврда градба од 1958 год. со подрум, приземје и два ката. Во училиштето има вкупно 20 училници и фискултурна сала. Вкупната квадратура на училиштето е 2379 м2.
Во училиштето има вкупно 681 ученици, 58 вработени. Училиштето не располага со сопствено возило.

➢ Во подрумскиот дел има :
- една училница
- училишна кујна
- подрумска просторија (пумпи за парно греење)

➢ На приземје има :
- седум училници
- фискултурна сала
- две соблекувални
- два тоалета
- просторија за техничкиот персонал

➢ На првиот спрат има :
- шест училници
- два тоалета
- наставничка канцеларија
- канцеларии за директор, педагог и секретар
- тоалет за наставници
- помошна просторија по ликовно

- На вториот спрат има :
  - шест училници
  - библиотека
  - два тоалета
  - архива

- Во училиштето има:
  - хидрантна мрежа – 4 хидранти
  - ПП апарати – 8
  - громобранска инсталација за која има А-тест

Квадратурата на училишниот двор е 2167 м2.
Подот во фискултурната сала е паркет, а подот во сите училници е ламинат. Ходниците се обложени со епоксид, а тоалетите и помошната кујна со плочки.
Прозорците во училишната зграда се ПВЦ.
Училиштето е приклучено на централното греење на град Скопје.
Електричната инсталација во училиштето е од 2013 год.
Осветлувањето во целото училиште е неонско.

**3. Мерки на загрозеност**

- Можни претпоставки од пожар:
  - заборавени електрични апарати во училишната зграда т.е од кујната во училиштето;
  - пожар предизвикан од дефект на компјутер или ТВ приемник.

Исто така, доколку дојде до пожар опасноста е поголема затоа што во училниците има ламинатен под, а подот во фискултурната сала е паркет. Сето тоа повеќе би го распламтило пожарот.

- Можни претпоставки од поплави:
  - излевање на браната Матка, браната Козјак и браната во изградба Св. Петка;
  - излевање на реката Вардар;
  - пукање на водоводни цевки и цевки од топлификација.

Со излевање на браната Матка, браната Козјак и браната во изградба Св. Петка водостојот на р.Вардар би се зголемил и тоа би довело до излевање на р. Вардар (училиштето се наоѓа на 500м од р. Вардар).

Пукањето на водоводните цевки и хидрантната мрежа може да предизвика поплава во училиштето, но и појава на електрицитет и пожар во училиштето.

- Можности од епидемии:
- жаришта на епидемија;
- загадена вода.

Училиштето може да биде жариште на епидемија затоа што во него учат голем број ученици, а исто така во текот на денот има и голема фрекфенција на родители кои ги носат и ги земаат своите деца.

- Проценка на загрозеност од земјотрес:

Училиштето „Коле Неделковски“ – Скопје е цврста градба без статички податоци на издржливост. Скопската Котлина и градот Скопје се трусна површина каде се јавуваат повремени потреси.
Со оглед на тоа што училиштето се наоѓа во Општина Центар која според картата на сеизмичка активност се наоѓа во 8-ми и 9-ти степен на сеизмичка активност, се карактеризира со висок степен на загрозеност од земјотреси.

- Загрозеност од воени дејствија:

Во случај на воени дејствија Општината Центар е од прв степен на загрозеност бидејќи сите објекти од витално значење се наоѓаат токму во оваа општина. Од ова произлегува дека и ние како училиште во случај на авионско бомбардирање и друг вид напади би биле загрозени од ваков вид на дејствија.

4. План за заштита и спасување

Планот за заштита и спасување опфаќа три фази:

1. Превентивни мерки и активности
2. Оперативни активности
3. Отстранување на последици

- Преземени мерки во случај на пожар:

По појава на пожар во училишната зграда или фискултурната сала најпрво лицата од вработените кои се задолжени за гасење (обезбедувањето, хаусмајсторот, наставникот по ОТП) настапуваат со гасење на истиот, а во исто време хаусмајсторот ја исклучува електричната инсталација т.е доводот на електрична енергија.
Доколку одговорните за гасење пожар не можат да го изгасат, секретарот на училиштето или друго лице ја известува ПП - единица на Град Скопје. Во тој случај се прави евакуација на учениците и вработените (секој наставник со својата паралелка).
Потоа се врши обесчадување на просториите со отворање на прозорци и врати таму каде што е најпотребно доколку е можно за да не дојде до распламтување на огнот.
Ова обесчадување е важно затоа што огнот ретко убива, додека чадот најчесто доведува до гушење.

- Преземени мерки во случај на поплави:

Во случај на поплава во внатрешноста на објектот се евакуираат учениците од местото каде што е јавена оваа појава.
Во случај на пукање на браната Матка треба да се контактира со Локалната самоуправа Центар. Исто така се исклучува електричната инсталација.

- Преземени мерки во случај на земјотрес:

- организирана евакуација на ученици без паника;
- одредување безбедно место;
- дефинирање правци на евакуација;
- одредување зборно место.

Врз основа на проценка во случај на земјотрес не смее да има паника, треба да останеме на местото таму каде што сме се нашле, на некоја безбедана позиција: под клупа, во ќошот на училницата, под касата на вратата и др. места. По завршување на тресењето веднаш се напушта училиштето и се оди на зборното место одредено со мерката евакуација, а тоа е училишниот двор.
Доколку дојде до рушење на објектот, единицата која е формирана од страна на училиштето веднаш почнува со претрага по повредени и преживеани.

**Давање прва медицинска помош** – ќе се даде на сите лица со сите средства со кои располага училиштето, а доколку некој е со потешки повреди веднаш ќе се префрли во болница.
Училиштето не располага со сопствено возило.

- Преземени мерки во случај на воени дејствија:

Во случај на воени дејствија учениците и вработените би се засолниле во училишниот подрум. Потоа би се контактирало со единиците на Локалната самоуправа за понатамошни инструкции.

- Преземени дејствија во случај на епидемија:
- редовно евидентирање на отсутните ученици;
- давање насоки за заштита од епидемија;
- редовно проветрување на просториите;
- зајакната хигиена во училиштето (чистење на училниците, ходниците, тоалетите, кваките на вратите и клупите со дизентал);
- редовна дезинфекција на училиштето, задолжително еднаш годишно, а по потреба и повеќе пати во текот на годината;
- контактирање со Локалната самоуправа и Центарот за јавно здравје.

- Евакуација:
- напуштање на објектот од местото што е најпогодено од елементарната непогода;
- секој наставник е одговорен за класот во кој се затекнал;
- обезбедувањето или хаус-мајсторот е должен да провери дали некој останал. Ова се прави доколку е можно.

Во училиштето учат 681 ученици.
Во училиштето има 58 вработени.
Училиштето не располага со сопствено возило.

Контакт телефонски броеви:

078 427-266   Светлана Масларевска – директор
078 427 285   Елена Дракулеска Шоповски - секретар
076 423-988   Никола Пападинов – хаусмајстор

## 30. Естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

| Активности | Носител на активност | Време на реализација |
|---|---|---|
| -Уредување на училниците и паноата од страна на наставниците и учениците. | Ученици, наставници | Во текот учебната година |
| -Ликовно уредување на паноата во училиштето. | Ученици, наставници | Во текот учебната година |
| -Истакнување на креативни изработки. | Наставници, ученици, родители | Во текот учебната година |
| -Одржување на хигиената во училниците.<br>-Естетко уредување на училниците. | Наставници, ученици | Во текот учебната година |
| -Водење на грижа за кортикултурното уредување на училишниот двор. | Наставници, ученици, родители | Октомври – март - април |

## 31. Правилник на однесување на ученици, наставници и родители

**Правилник за однесување на наставници**

-Да имаат заедничка визија за напредувањето на училишната заедница.
-Да ги почитуваат етичките норми на однесување на јавни места.
-Да доаѓаат 15 минути пред почетокот на часовите, а дежурните наставници 30 минути порано и да не доцнат на настава.
-Колегијалност и соработка во училишната заедница.
-Почитување на критериумите за оценување и самооценување на учениците.
-Да не се задржуваат учениците подолго од времетраењето на наставниот час.
-Да не користат мобилните телефони за време на наставниот час.
-Да не се дозволува посета на родители за време на наставниот час.
-Да се почитува личноста на секој ученик.
-Навремено и објективно да се информираат родителите за успехот и односот на нивните деца.

**Правилник за однесување на учениците**

-Да се доаѓа на училиште 5-10 минути пред почетокот на наставата.
-Да се однесуваат примерно за време на наставата.
-Да не се зборува на час.
-Да не ги користат мобилните телефони за време на наставата.
-Да се поздравува некој кога ќе влезе на час.
-За време на одморите да се поздравуваат сите возрасни во училишниот двор и надвор од него.
-Да се фрлаат отпадоците во канта.
-Да не се уништува инвентарот во училиштето.
-Да има грижа за хигиената.
-Да не се трча по ходниците.
-По завршување на наставата да не се останува во училиштето и училишниот двор.

**Правилник за однесување на родителите**

-Со секое влегување во училиштето се почитуваат правилата и кодексите на однесување.
-Да се почитува сопственото и времето на другите со тоа што се носат навреме децата на училиште.
-Децата да се остават на влезната врата во училиштето.
-Да не се ремети часот и да не се прекинува наставата.
-При посета на училиштето за време на часовите, уредно да се предаде личната карта на дежурните и да се соопшти причината за посетата.
-Да се присуствува на родителските состаноци и да се информираат за успехот на децата.
-Да се соработува со училиштето во текот на целата година.
-Навремено да го информираме училиштето за отсуството на децата од наставата.
-Изостаноците на децата ги правдаме со лекарска потврда.
-Да се доаѓа на училиште секогаш на повик на одделенскиот наставник, стручната служба или директорот на училиштето.

## 32. Етички кодекс

**За однесувањето на наставниците и стручните соработници**

1. **Основни норми**

Определувајќи се за професијата просветен работник, наставникот и стручниот работник треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството, за да ги знае своите правила и одговорности и разноликоста на задачите, да биде флексибилна личност која ќе знае да работи со поединци и група, да се прилагодува на новите барања и да го користи сето свое професионално знаење и умеење.

Во својата професионална работа наставникот, односно стручниот работник се обврзува:

- својата професија да ја врши совесно, одговорно и хумано;
- воспитанието и образованието да му преставува највисок императив во неговото професионално однесување;
- да ја чува честа и благородните традиции на професијата просветен работник;
- при вршење на својата професија не смее да прави дискриминација која е заснована на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, попреченост, возраст, родов индентитет, здравствена состојба, политичко уверување, религија и верско уверување, имотна и општествена положба;
- да ја почитува личноста на своите ученици, нивните родители или старатели и своите колеги, соработници.

2. **Професионалниот лик на наставникот, односно стручниот работник и струката**

Наставникот, односно стручниот работник треба:

- да биде високо стручен за работата што ја врши и да има визија за неа;
- да има современа, општо етичка и општо културна изразеност и педагошки осет;
- постојано да се ангажира за што поквалитетно и поефикасно планирање и реализирање на наставата;
- да го почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;
- секогаш секаде да внимава на својот јазик кој треба да е литературен и јасен;
- секогаш да служи за пример со својот изглед, однесување и естетски навики кај своите ученици;
- да внимава на својот морален лик;
- да има одговорен однос спрема средствата и условите со кои ја реализира својата дејност;
- својата работа во образовната дејност да не ја злоупотребува (за лична корист, при што не смее да прифаќа подароци, бесплатни услуги или награди, кои можат да ја доведат во прашање неговата автономност, професионалност, кредибилитет и достоинство);
- да биде личност во која може да се има доверба, а во училиштето и пошироката средина да има углед како добар работник и добар човек;
- постојано да работи на своето стручно педагошко усовршување;
- да го популаризира својот предмет и надвор од училиштето, преку учество во јавни трибини, стручни трудови книги и слично;

- да иницира и да се ангажира во проекти на основното училиште и надвор од него.

### 3. Наставникот и часот

Извршувајќи ја својата работа наставникот:

- треба навреме да го започне часот;
- треба редовно да го евидентира часот, како и отсутните ученици;
- да нема пореметување на планираната работа на часот со соопштенија, разговори и посети;
- добро да го планира секој наставен час за да овозможи ангажирање на сите ученици за постигнување на максимум;
- часот треба да го изведува според современата наставна технологија, квалитетно поучување и рационална организација на наставата.

### 4. Наставникот, односно стручниот работник и ученикот

Наставникот, односно стручниот работник спрема учениците се однесува како кон субјекти и соработници со примена на постапки кои се во духот на современите педагошки норми и при тоа:

- ја почитува личноста на секој ученик;
- професионално и чесно се однесува кон секој ученик и е праведен и хуман, објективен и не пристрасен без оглед на полот, возраста, бојата на кожата, верата, националноста, расата и општествено - економската положба;
- со учениците да избегнува стил на комуницирање недоличен за професијаташто ја обавува;
- секогаш да ја потикнува и негува самостојноста, критичноста и индивидуалноста на ученикот, преку современи методи и активна настава;
- го учи ученикот како да ги самооценува сопствените постигнувања;
- реално оценување на знаењето на ученикот со изградени критериуми, при што се труди даго открие степенот на знаење на ученикот и притоа редовно го информира ученикот;
- бара ученикот навремено, редовно и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- не смее да ги омаловажува и навредува учениците;
- со учениците не смее да пројавува агресивност, нетолерантност, желба за доминација, плашливост, апатичност, депресивност, некомуникативност, болна самоувереност, болна амбициозност, ослабени механизми на однесување;
- никогаш да не го казнува ученикот телесно, не го малтрерира психички и не се служи со заплашување, уцена, заканување и слично;
- избира и води воннаставни активности во која се смета за најинвентивен и преку која ќе им овозможи на учениците да ги задоволат своите интереси и да го развиваат својот талент;
- ги познава социјално-економските и другите услови во кои учениците живеат и учат;
- должен е редовно да им помага на учениците кои заостануват во совладување на наставата;
- бара од учениците уредно, пристојно и дисциплинирано да се однесуваат;

- за секој вид на девијантно однесување реагира со укажување;
- должен е да го сослуша секој ученик кога ќе му се обрати за совет или помош во решавање на лични проблеми;
- должен е да го упати ученикот на стручна помош кај лица во училиштето доколку има потреба;
- во работата со учениците не смее да ги искажува своите политички уверувања и определувања;
- со личен пример и со средства се бори против причинителите на болести од зависности другите негативни појави, дрогата, алхохолот, пушењето, криминалот и слично;
- меѓу учениците постојано гради однос на другарство и меѓусебно разбирање;
- со ученикот остварува соработка и почитување.

### 5. Наставникот, стручниот работник и родителот

Наставникот, односно стручниот работник е во постојана комуникација со родителите, односно со стрателите на учениците и притоа:

- се грижи соработката со родителите да биде што поефикасна и непосредна;
- го потикнува интересот на родителите во решавање на проблемите на учениците;
- за прашањата од личниот и семејниот живот води сметка за потполна дискреција;
- со целосно внимание и одговорност се однесува спрема оние родители кои не пројавуваат нужен интерес за соработка и не довлно се грижат за однесувањето на своите деца;
- навреме и објективно ги информира родителите;
- ги почитуваат аргументите на родителите;
- бараат соработка и ангажман на родителите во решавање на проблемите доколку настане или постои некој проблем;
- упатува на помош од компетентни лица и установи кога тој не е во состојба да помогне.

### 6. Меѓусебен однос на наставниците и стручните соработници

За ефикасно воспитно-образовно иформирање на учениците како и во интерес на угледот и достоинството на професијата и училиштето, наставникот, односно стручниот соработник е должен да се грижи и да придонесува за градење и развивање на позитивни професионално коректни односи со своите колеги, при што:

- е должен да го почитува секој свој колега врз основа на другарство, искреност и отвореност со што се обезбедува услов за креативност и конструктивна работа;
- меѓусебната соработка да ја темели врз заемно договарање, разменување на искуство,одлучност и совесност, ефикасно извршување на договорените задачи;
- во комуникацијата со учениците, родителите и со други лица да ја цени стручноста и достоинството на своите колеги и се воздржува од изнесување на слабостите и озборувањето;
- во личен разговор или стручен состанок добронамерно и без тендициозност да укажува на слабостите на своите колеги со што ги штити угледот на професијата и на училиштето;

- ги почитува и спроведува ставовите и одлуките на мнозинството изградени врз слободна и јавна расправа;
- солидарен е со својот колега особено кога станува збор за решавање на социјални и здравствени проблеми;
- им помага на младите колеги со пренесување на своето педагошко и стручно искуство и знаење.

### 7. Наставникот, односно стручниот работник и училиштето

Наставникот и стручниот работник додека се наоѓаат во училиштето се на должност цело време и при тоа се обврзуваат:

- да го почитуваат работното време и траењето на наставниот час;
- активно да учествуваат во реализацијата на сите планирани и програмирани задачи на стручните органи и тела;
- да се грижат за целиот училиштен простор и имот, посебно за училницата во која изведува настава;
- да ги почитуваат на правилата од куќниот ред на училиштето;
- да се придржуваат на правилата од куќниот ред на училиштето;
- да се однесуваат како добар домаќин со внатрешниот имот на училиштето.

### 8. Наставникот односно стручниот работник и општествената заедница

Во современите демократски времиња наставникот, односно стручниот работник се раководи исклучиво од установите и законските определби при што:

- се придржува кон меѓународните стандарди, договори и конвенции за слободите и правата на човекот, а особено Конвецијата на ООН за правата на детето;
- има право и должност да се залага и да се бори за достоинството и професијата просветен работник;
- се залага и се бори за достојна материјална положба на образовните институции со цел да се обезбеди нивно нормално фукционирање како основен услов за квалитетно организирање на едукативниот процес;
- се залага и се бори за соодветен материјален статус на професијата и наградувања на неговата работа што ќе му овозможи целосно да се просвети на квалитетно, стручно и одговорно извршување на неговите работни задачи.

**Завршни одредби**
Секој наставник односно стручен работник се обврзува да го почитува и спроведува овој кодекс.
**Прекршок**
За непочитување и не придржување на Кодексот за однесувањето на наставниците и стручните соработници одговорен е прекршителот лично.

## 33. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### Професионален развој на наставниците, стручните соработници и директорот

| Содржина | Организирана од | Учесници |
|---|---|---|
| - Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети. | МОН/БРО | Наставници |
| - Примена на иновативни и интегрирани пристапи во наставата. | ЦЕС/БРО/МОН | Одделенски и предметни наставници |
| - Обука за изборен предмет шах. | Шаховска Федерација на РСМ | Одделенски наставници од II одд. |
| - Учење преку истражување работа на проекти и решавање на проблеми. | ЦЕС/БРО/МОН | Одделенски наставници |
| - Стратегии за менаџмент во училница – Принципи и примери на добра практика за создавање на позитивна работна атмосфера во училница и онлајн / виртуелна училница. | ЦЕС/МОН/БРО | Предметни наставници |
| - Рана интервенција достапни опции и услуги (ICF). | БРО | Наставник по информатика |
| - Предизвикувачко однесување, справување и добри практики. | БРО | Наставник по информатика |
| - Едуино 2Д лабараторија – ресурси за искуствено учење. | БРО | Наставник по информатика |
| - Образование за сите во дигитална сфера во Северна Македонија „Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата“. | МОН/БРО | Одделенски наставници |
| - Основи на прва помош за основни училишта. | Црвен крст на РСМ | Одделенски наставници |

| | | |
|---|---|---|
| - Цели на одржлив развој на ученици. | Национална агенција за Европски образовни програми и мобилност | Предметен наставник |
| - Новата концепција за VII одд. по физичко и здравствено образование. | БРО | Наставници по физ. и здрав. образ. |
| - Запознавање со наставната програма по предметот техничко образование и информатика во VII одд. | БРО | Наставник по информатика |
| - Справување со врсничко насилство и кибернасилство | БРО / ЦЕС | Одделенски и предметни наставници |
| - Обука за новата концепција во IV одд. | БРО/МОН | Одделенски наставници |
| - Планирање и реализација на наставата по математика во VII одд. | БРО | Предметни наставници по математика |
| - Учење преку истражување, работа на проект и решавање пробеми. | БРО / ЦЕС | Предметен наставник |
| - Професионална соработна на наставниците (Стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.) | БРО / ЦЕС | Предметни наставници |
| - Нови наставни програми во VI одд. по предметот природни науки. | БРО | Предметен наставник |
| - Професионален развој за јакнење на компетенциите на наставниците – соработка помеѓу менторот и приправникот. | Здружение на одделенски наставници „ЗОН учител“ | Наставник по информатика |
| - Родителите и децата од дигиталната генерација. | БРО | Наставник по информатика |
| - Визуелни дезинформации и фотофорензика. | БРО | Наставник по информатика |
| - Обука за нови наставни програми во VI одд. по предметот Математика. | БРО | Наставници по математика |

| | | |
|---|---|---|
| - Обука за нови наставни програми во VI одд. по предметот Германски јазик. | БРО | Наставник по германски јазик |
| - Обука за нови наставни програми во VI одд. по предметот Музичко образование. | БРО | Наставник по музичко образование |
| - Обука за нови наставни програми во VI одд. по предметот Техничко образ. и Информатика. | БРО | Наставник по информатика |
| - Обука за нови наставни програми во VI одд. по предметот Физичко и здрав. образование. | БРО | Наставници по физичко и здравствено образование |
| - Обука за нови наставни програми во VI одд. по предметот Природни науки. | БРО | Наставник по природни науки |
| - Обука за нови наставни програми во VI одд. по предметот Македонски јазик. | БРО | Наставници по македонски јазик |
| - Обука за нови наставни програми во VI одд. по предметот Историја и општество. | БРО | Наставници по историја и географија |
| - Обука за нови наставни програми во VI одд. по предметот Англиски јазик. | БРО | Наставници по англиски јазик |

## 34. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

| Подрачје на вклученост на родителите | Активности |
|---|---|
| Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето | - членови во Совет на родители (по еден член родител од секоја паралелка)<br>- изработка на Годишна програма од страна на претседателот на Совет на родители<br>- учество во подобрување на условите за работа |
| Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење | - преку Советот на родители<br>- преку групни и индивидуални средби со наставници<br>- соработка со стручната служба на училиштето<br>- увид во Е-дневникот<br>- преку веб страната на училиштето |
| Едукација на родителите/старателите | - присуство на родителски средби<br>- присуство на индивидуални средби<br>- преку веб страната на училиштето<br>- преку facebook страната на училиштето |

## 35. Соработка со локална средина и заедница

| Активности | Носители на активност | Време на реализација |
|---|---|---|
| Соработка со основни училишта | Наставници, ученици и стручна служба | Во текот на учебната година |
| Соработка со  БРО и МОН | Наставници, стручна служба | Во текот на учебната година |
| Соработка со МКФ | Стручна служба | По потреба |
| Соработка со Завод за статистика | Стручна служба, директор | Во текот на учебната година |

## 36. Грижа за здравјето на учениците

Во текот на учебната година грижата за здравјето на учениците се реализираше преку следниве прегледи:

- **Систематски прегледи - стоматолошки**

- 18 – 26.10.2022 година систематски - стоматолошки преглед за учениците од VII одд. во Здравствена установа „Идадија“.
- 16 – 23.11.2022 година систематски - стоматолошки преглед за учениците од VI одд во Здравствена установа „Идадија“.
- 28.11.2022 – 01.12.2022 година систематски - стоматолошки преглед за учениците од V одд во Здравствена установа „Идадија“.
- 29.12.2022 систематски преглед за учениците од II одд. во Здравствена установа „Бит пазар” – школска.
- 25.01 – 01.02.2023 година систематски - стоматолошки преглед за учениците од IV одд во Здравствена установа „Идадија“.
- 20.02 – 27.02.2023 година систематски - стоматолошки преглед за учениците од III одд во Здравствена установа „Идадија“.
-13 – 20.03.2023 година систематски - стоматолошки преглед за учениците од II одд во Здравствена установа „Идадија“.
- 03 -10.04.2023 година систематски - стоматолошки преглед за учениците од I одд во Здравствена установа „Идадија“.
- Преглед на ‘рбетен столб и долните екстремитети на учениците од I одд преку проектот „Исправи се“ – Општина Центар и Министертсво за здравство.

- **Вакцинирање**

- 28 – 29.09.2022 година вакцина MRP за учениците од I одд. во Здравствена установа „Бит пазар” – школска.
- 24 – 25.11.2022 година ревакцина (дитепер) за учениците од II одд. во Здравствена установа „Бит пазар” – школска.
- 24 – 25.11.2022 година HPV-вакцина за девојчињата од VII одд. во Здравствена установа „Бит пазар” – школска.
- 18.04.2023 година ревакцина (Дите и Полио) за учениците од IX одд. во Здравствена установа „Бит пазар” – школска.

- **Предвања**

- 26.09.2022 година за учениците од I и IV одд. предевања на теми „Хигиена на орална празнина“, „Градба и функција на орална празнина“, „Правилна исхрана и контрола при внес на шеќер“, „Редовни посети на стоматолог и употреба на флориди во превентивни цели“ здравствена установа „Идадија“ д-р Тања Стефановска.

- 03.04.2023 година предавање на тема „Се што сакаш да знаеш за пубертетот“ (девојчиња од V одд.) во организација на Always и Општина Центар.

- 15.05.2023 година за учениците од I одд. работилница на тема „Орална хигиена“ од Стоматолошкиот факултет во Скопје и соработка со Општина Центар.

## 37. Јавна и културна дејност

Во текот на учебната година со Програма за јавна и културна дејност се реализираа следните активности:

| Активност | Време на реализација |
|---|---|
| Одбележување на „8ми Септември” Денот на независност на РСМ (разговор во паралелките). | септември |
| Одбележување на празникот „11 Октомври” преку читање прилози од историјата (разглас). | октомври |
| Прием на првачиња во Меѓународна детска организација со организирана програма од страна на Општина Центар во Парк на Франкофонијата. | октомври |
| Учество во реализирање на акција Месец на книгата и Месец на гладот. | октомври |
| Посета на Градска библиотека „Браќа Миладиновци”. | октомври |
| Чистење и уредување на училишниот двор. | ноември |

| | |
|---|---|
| Активности по повод недела на Општина Центар – средба со Градоначалникот. | ноември |
| Посета на предновогодишна работилница и детска програма организирана од Општина Центар на Боемска улица. | декември |
| Посета на книжарницата Матица македонска. | декември |
| Посета на Дом на АРМ – театарска претстава „Сами сме дома“. | декември |
| Одбележување на денот на екологија преку садење на садничи и чистење на училишниот двор. | март |
| Посета на библиотеката „Браќа Миладиновци“ по повод одбележување на мајчиниот јазик. | април |
| Одбележување на планетата Земја. | април |
| Одбележување на патрониот празик на училиштето (активности). | април |

## 38. Следење и евалуација на Годишната програма на училиштето

| Приоритетни подрачја за следење | Начин на следење | Одговорно лице | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Следење на начинот на организација и реализација на наставата и учењето | Реализацијата на наставните планови и програми (додатна, дополнителна, вонnаставни активности), квалитетот на реализација на наставни планови и програми, проверка на планирањата на наставниците, следење на потребите на учениците и оценувањето како дел од наставниот процес | директор<br>стручна служба | Во текот на учебната година |
| Постигнувања на учениците | Следење на постигнатиот успех на учениците, следење на зголемување и намалување на бројот на ученици, согледување на редовноста, дисциплината на учениците и нивното поведение, споредување на успехот во однос на предходните денови, известување за напредокот на учениците | директор<br>стручна служба<br>тимот за следење, анализа и поддршка | Во текот на учебната година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење на квалитетот на наставниот кадар, нивниот професионален развој, стручните соработници и раководниот кадар | Условите за работа на училиштето (опременост на училиштето со нагледни средства, стручна литература, лектирни изданија, ИКТ опрема и др.), согледување на потребата на одреден тип на стручна усовршување на воспитно-образовниот кадар | директорот | Во текот на учебната година |
| Следење на училишната клима и културата на училиштето | Континуирано следење на односите меѓу сите структури во училиштето, почитување на кодексите на однеување, согледување на застапеноста на училиштето на многубројни манифестации, реализирање на проекти, хуманитарни акции и др. | директор | Во текот на учебната година |
| Водење на педагошката евиденција и документација | Информираност за точност при водење на педагошката евиденција и документација, проверка, известување за одредени новости, укажување на недостатоци | директор<br>стручна служба | Во текот на учебната година |

27.06.2023 г.

Скопје

М.П.

Директор

________________________________

Светлана Масларевска

Претседател на Училиштен одбор

________________________________

Томислав Стамболиќ